Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

**ДО**
**Државна комисија за спречување**
**на корупцијата**
**Скопје**

УП16р.19-2012/2021
Скопје ____________година
05 -10- 2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 08 -10- 2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Nj. Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 3771/1 | | |

ПРЕДМЕТ: Достава на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,
Министерството за правда во прилог на овој допис на Ваше натамошно постапување Ви го доставува Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер доставено од [redacted]

Барањето Ви се доставува согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101 /19).

Со почит,

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА
[redacted]

[redacted]


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**До: Министерство за правда**
**Република Северна Македонија**

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

19-2012/2021

Од: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Статистички податоци за примени пријави согласно **член 5** од Законот за заштита на укажувачи во **ПЕРИОДОТ ОД 2015- септеми, 2021** година, од страна на службеници вработени во Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија-сектор минерални суровини, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот инспекторат за животна средина, испекторите за животна средина во склоп на локалните самоуправи и други службеници за сторени дела од Глава триесетта **"КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ"** од Кривичниот Законик а во врска со одредбите на законите од областа на животната средина.

2. Статистички податоци за примени пријави од страна на граѓаните на РСМ во **ПЕРИОДОТ ОД 2015-септември,2021 година**, за сторени дела од Глава триесетта **"КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ"** од Кривичниот Законик а во врска со спроведувањето на одредбите на законите од областа на животната средина.

3. Статистички податоци за предмети завршени со правосилна и извршна пресуда за сторени кривични дела од Глава триесетта **"КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ"** од Кривичниот Законик за **ПЕРИОДОТ ОД 2015- септември, 2021 година** а во врска со спроведувањето на одредбите на законите од областа на животната средина.

4. Препис од предмети завршени со правосилна и извршна пресуда подобни за правна анализа.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- електронски запис

Начин на доставување на информацијата:

- е-маил

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 23.09.2021 година.** [redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 03-3771/2
27-10-2021 г./v.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] препратено од Министерство за правда, го донесе, следното

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено од [redacted] заведено под бр. УП1бр. 19-2012/2021 од 01.08.2021 година, препратено од Министерство за правда со допис УП1 бр.19-2012/2021 од 05.10.2021 година, до ДКСК за натамошно постапување, **СЕ УСВОЈУВА**.

Да се одговори на барањето на начин што до барателот ќе се достави бараната информација.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

Барателот на информацијата [redacted] до Министерство за правда достави барање за пристап до информации од јавен карактер со кое побара:

*„1. Статистички податоци за примени пријави согласно член 5 од Законот за заштита на укажувачи во **ПЕРИОДОТ ОД 2015- септември, 2021** година, од страна на Министерство за економија – сектор минерални суровини, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот инспекторат за животна средина, инспекторатите за животна средина во склоп на локалните самоуправи и други службеници за сторени дела од Глава триесетта **"КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ"** од Кривичниот Законик а во врска со одредбите на законите од областа на животната средина.*

*2. Статистички податоци за примени пријави од страна на граѓаните на РСМ во ПЕРИОДОТ ОД 2015 – септември, 2021 година, за сторени дела од Глава триесетта **"КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ"** од Кривичниот Законик а во врска со спроведувањето на одредбите на законите од областа на животната средина.*

*3. Статистички податоци за предмети завршени со правосилна и извршна пресуда за сторени кривични дела од Глава триесетта **"КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ"** од Кривичниот Законик а во врска со спроведувањето на одредбите на законите од областа на животната средина.*

*4. Препис од предмети завршени со правосилна и извршна пресуда подобни за правна анализа.".*

Министерството за правда поради не надлежност а во врска со член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), со допис бр. УП1бр. 19-2012/2021 од 05.10.2021, го достави барањето за пристап до информации од јавен карактер до ДКСК преку пошта за натамошно постапување.

Доставеното барање е примено во архивата на ДКСК и е заведено под бр. 03-3771/1 од 08.10.2021 година, по истото ќе се постапи согласно член 18 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019).

Со оглед на ваквата фактичка состојба, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Изготвил:
Согласен:

Да се достави до:
- подносителот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 03-377 1/3
27-10-2021 г./v.

До
[redacted]

Предмет: Известување

[redacted]

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Министерство за правда заведено под бр. УП1 19-2012/2021 од 01.10.2021 година, препратено од Министерство за правда до Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) за надлежно постапување согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) ве известуваме за следното:

Во врска со поставеното прашање *„1. Статистички податоци за примени пријави согласно член 5 од Законот за заштита на укажувачи во* ***ПЕРИОДОТ ОД 2015-септември, 2021*** *година, од страна на Министерство за економија – сектор минерални суровини, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот инспекторат за животна средина, инспекторатите за животна средина во склоп на локалните самоуправи и други службеници за сторени дела од Глава триесетта* ***"КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ"*** *од Кривичниот Законик а во врска со одредбите на законите од областа на животната средина"* Согласно членот 5 од Законот за заштита на укажувачите, во периодот од 2019 до септември 2021 година до ДКСК се доставени 2 пријави од анонимни/доверливи укажувачи, во кои се содржани наводи за сомневање за неправилности и прекршување на одредби на закони од областа на заштита на животната средина. Во периодот од 2015- 2019 година до ДКСК не е доставена ниту 1 пријава од укажувачи.
Со оглед на фактот дека согласно Законот за заштита на укажувачите ДКСК е обврзана да им гарантира анонимност/ доверливост на укажувачите, ДКСК нема законска можност да дава податоци за тоа каде односно во кои министерства, инспекторати или други институции се вработени укажувачите кои извршиле заштитено надворешно

пријавување до ДКСК согласно членот 5 од Законот за заштита на укажувачите. Постапувањето на ДКСК по двете пријави е во тек.

Во врска со поставеното прашање *„2. Статистички податоци за примени пријави од страна на граѓаните на РСМ во ПЕРИОДОТ ОД 2015 – септември, 2021 година, за сторени дела од Глава триесетта* ***"КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ"*** *од Кривичниот Законик а во врска со спроведувањето на одредбите на законите од областа на животната средина"* ДКСК не води евиденција по области во врска со примените пријави со наводи за сомневање поднесени од страна на граѓаните на Република Северна Македонија. Оттаму ДКСК не располага со вакви статистички податоци.

По однос на предметното прашање наведено во барањето *„3. Статистички податоци за предмети завршени со правосилна и извршна пресуда за сторени кривични дела од Глава триесетта* ***"КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ"*** *од Кривичниот Законик а во врска со спроведувањето на одредбите на законите од областа на животната средина".* ДКСК не располага со вакви статистички податоци. Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси надлежност на ДКСК е да достави иницијатива за поведување на кривична постапка до Јавно Обвинителство на Република Северна Македонија. ДКСК нема надлежност да ги следи предметите за кои што има поведено судска постапка и резултатите по истите.

По однос на предметното прашање наведено во барањето *„4. Препис од предмети завршени со правосилна и извршна пресуда подобни за правна анализа"* ДКСК не располага со вакви статистички податоци.

Со почит,

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Изработил:
Согласен;

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk